РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено / Pranuar: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. / Nr. org. | Број / Numri | Прилог / Shtojce | Вредност / Vlera: |
| | | | |


# НАСТАВНА ПРОГРАМА

# СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

## НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО

**За IV и V одделение**

**ООУ „Д-р Трифун Пановски“ Битола**
**Наставник по музичко образование/Милена Дестановиќ**

**Битола, 2023 година**

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ | НАРОДНО МУЗИЧКО ТВОРЕШТВО |
|---|---|
| **Вид/категорија на наствен предмет** | Изборен предмет за проширување/продлабочување на знаењата од задолжителните наставни предмети (од предметот музичко образование темите: пеење, народно музичко творештво). |
| **Одделение** | IV-V |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | **Тема 1:** Класификација, анализа и изведба на народни ора – 16 часа<br>**Тема 2:** Класификација, анализа и изведба на народни песни – 20 часа |
| **Број на часови** | 2 часа неделно – 36 часа во едно полугодие |
| **Опрема и средства** | Компјутер, звучници, микрофон, проектор, користење на youtube, power point презентации. |
| **Норматив и наставен кадар** | - студии по музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија, VII/1 или 240 ЕКТС;<br>- студии по музичка уметност, други оддели, VII/1 или 240 ЕКТС, и со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во Наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето Уметничко изразување и култура од Националните стандарди:

***Ученикот/ученичката знае и/или умее:***

| | |
|---|---|
| **VIII-A.3** | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| **VIII-A.4** | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури, |
| **VIII-A.5** | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |
| **VIII-A.6** | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност, |
| **VIII-A.7** | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти, |
| **VIII-A.9** | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот, |
| **VIII-A.11** | да препознава присуство на етноцентризам и да ги идентификува елементите во културата коишто придонесуваат за негова манифестација. |
| **VIII-A.12** | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура, туку и низ перспективата на други култури. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **VIII-Б.2** | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности, |
| **VIII-Б.3** | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесува за јакнење на културниот идентитет и дигнитет, |
| **VIII-Б.4** | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитет на припадниците на различни култури, |
| **VIII-Б.5** | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| **VIII-Б.6** | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: Личен и социјален развој, Општество и демократска култура.

***Ученикот/ученичката знае и умее:***

| | |
|---|---|
| **VI-A.5** | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.) |
| **VI-A.6** | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација. |

***Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:***

| | |
|---|---|
| **VI-Б.12** | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество, |
| **VIII-Б.3** | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за јакнење на културниот идентитет и дигнитет, |
| **VIII-Б.5** | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| **VIII-Б.6** | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| **Тема 1.** КЛАСИФИКАЦИЈА, **АНАЛИЗА И ИЗВЕДБА НА НАРОДНИ ОРА** |
|---|
| ***Знаења/вештини:***<br>***Ученикот/ученичката:***<br>- Го разбира танцот како игра, движење;<br>- Умее визуелно и слушно да ги препознае народните ора и ги именува;<br>- Сфаќа дека кординацијата меѓу движењата и основните изразни елементи на музиката (ритам, динамика, темпо, мелодија, боја) е важна;<br>- Умее да постигне координација, чувство за ритам, одржување рамнотежа и способност за комбинирани движења;<br>- Може да ги идентификува / препознае карактерот и содржината на ората, класификацијата и правилната изведба;<br>- Може да ги идентификува/препознае разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност;<br>- Има познавања за изведба на неколку народни ора;<br>- Сфаќа дека тимска работа е важна;<br>- Сфаќа дека преку уметничко изразување се развива креативноста;<br>- Умее вербално да се изразува за конкретно оро. |
| ***Ставови/вредности:***<br>***Ученикот/ученичката:***<br>- Почитува мислења и ставови од другите околу него;<br>- Смета дека треба да работи самостојно и во група;<br>- Смета дека соработката со другите е неопходна за личен и социјален развој;<br>- Подготвен/а е да презема активности кои се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;<br>- Подготвен/а е да презема активности кои му овозможуваат полесно да ја совлада темата;<br>- Верува дека може да постигне повеќе;<br>- Има позитивен став за правилно зачувување и презентирање на националниот идентитет;<br>- Има позитивен став кон разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.);<br>- Ги почитува разликите меѓу културите, на кои гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување;<br>- Се залага за зачувување на културните и традиционалните богатства |

| *Содржини, Поими, Број на часови* | *Примери на активности:* |
|---|---|
| **Содржина**: Класификација на народните ора.<br>**Поими**: фолклор, традиција, обред, обичај, машки, женски, бавни, брзи, соборски, обредни, форма.<br>**Број на часови**: 2 | - Вовед во поимите фолклор, традиција, обред, обичај, низ различни презентации и видео материјали.<br>- Запознавање со народните ора преку нивна класификација.<br>- Дискусија за народните ора како дел од кулутрното наследство на народите и нивно меѓусебно почитување. Учениците даваат свои мислења за значењето на ората. |
| **Содржина**: Изведба на народното оро „Пајдушко“.<br>**Поими**: називи на народни ора.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на народното оро „Пајдушко“ според кагегориите на класификација (етничка и регионална припадност, намена и функција, правец на изведување, форма на игра, број на учесници, полова разлика и стилски карактеристики) преку видео презентација на орото.<br>https://www.youtube.com/watch?v=2TdnPiavpJ8&ab_channel=IgrajOro<br>- Работилница за совладување на орото „Пајдушко“.<br>- Изведба на орото.<br>- Дискусија за наученото |
| **Содржина**: Изведба на народното оро „Двојка“ (српско народно оро).<br>**Поими**: називи на народни ора.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на народното оро „Двојка“ според кагегориите на класификација (етничка и регионална припадност, намена и функција, правец на изведување, форма на игра, број на учесници, полова разлика и стилски карактеристики) преку видео презентација на орото.<br>https://www.youtube.com/watch?v=bQI2pp4AfX4&ab_channel=Andrijana20<br>- Работилница за совладување на орото „Двојка“.<br>- Изведба на орото.<br>- Дискусија за почитувањето на културните вредности на својата земја вклучувајќи ги и културите на сите народи кои живеат во неа. |
| **Содржина**: Изведба на народното оро „Бувчанско“.<br>**Поими**: називи на народни ора.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на народното оро „Бувчанско“ според кагегориите на класификација (етничка и регионална припадност, намена и функција, правец на изведување, форма на игра, број на учесници, полова разлика и стилски карактеристики) преку видео презентација на орото.<br>https://www.youtube.com/watch?v=i6pbnt-i9MA&ab_channel=StudioEtnosMK<br>- Работилница за совладување на орото „Бувчанско“.<br>- Изведба на орото.<br>- Дискусија за наученото. |

| | |
|---|---|
| **Содржина**: Изведба на народното оро „Деветорка“.<br>**Поими**: називи на народни ора.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на народното оро „Деветорка“ според кагегориите на класификација (етничка и регионална припадност, намена и функција, правец на изведување, форма на игра, број на учесници, полова разлика и стилски карактеристики) преку видео презентација на орото.<br>https://www.youtube.com/watch?v=QJkyAQqSAaE&ab_channel=dunavfolk<br>- Работилница за совладување на орото „Деветорка“.<br>- Изведба на орото.<br>- Дискусија за наученото. |
| **Содржина**: Изведба на народното оро „Valle e tropojes“ (албанско народно оро).<br>**Поими**: називи на народни ора.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на народното оро „Valle e tropojes“ според кагегориите на класификација (етничка и регионална припадност, намена и функција, правец на изведување, форма на игра, број на учесници, полова разлика и стилски карактеристики) преку видео презентација на орото.<br>VALLE E TROPOJES - YouTube<br>- Работилница за совладување на орото „Valle e tropojes“.<br>- Изведба на орото.<br>- Дискусија за почитувњето на културните вредности на својата земја вклучувајќи ги и културите на сите народи кои живеат во неа. |
| **Содржина**: Изведба на народното оро „Куцано“.<br>**Поими**: називи на народни ора.<br>**Број на часови**: 2 | Анализа на народното оро „Куцано“ според кагегориите на класификација (етничка и регионална припадност, намена и функција, правец на изведување, форма на игра, број на учесници, полова разлика и стилски карактеристики) преку видео презентација на орото.<br>https://www.youtube.com/watch?v=a-N_bybZ7cs&ab_channel=MKUDIlinden-Sydney<br>- Работилница за совладување на орото „Куцано“.<br>- Изведба на орото.<br>- Дискусија за наученото |
| **Содржина**: Повторување на изучените ора<br>**Поими**: називи на народни ора<br>**Број на часови**: 2 | Дискусија за значењето на традиционалните игри и танци.<br>- Изведба на сите изучени ора.<br>- Заклучок од темата низ дискусија. |

**Тема 2. КЛАСИФИКАЦИЈА, АНАЛИЗА И ИЗВЕДБА НА НАРОДНИ ПЕСНИ**

***Знаења/вештини:***

***Ученикот/ученичката:***

- Ја разбира вокалната интерпретација;
- Умее слушно да ги препознае народните песни и ги именува;
- Умее да постигне чувство за ритам, начин на интерпретација на народните песни;
- Може да ги идентификува / препознае карактерот и содржината на народните песни, класификацијата и правилната изведба;
- Може да ги идентификува/препознае разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност;
- Има познавања за изведба на неколку народни песни;
- Сфаќа дека тимска работа е важна;
- Сфаќа дека преку уметничко изразување се развива креативноста;
- Умее вербално да се изразува за конкретната народна песна;
- Ги воочува и препознава основните карактеристики на народните песни;
- Умее да ги воочи и препознае карактерот и содржината на народните песни;
- Знае да прави анализа на народните песни според различни категории

***Ставови/вредности:***

***Ученикот/ученичката:***

- Почитува мислења и ставови од другите околу него/неа;
- Смета дека треба да работи самостојно и во група;
- Смета дека соработката со другите е неопходна за личен и социјален развој;
- Подготвен/а е да презема активности кои се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации;
- Подготвен/а е да презема активности кои му овозможуваат полесно да ја совлада темата;
- Верува дека може да постигне повеќе;
- Има позитивен став за правилно зачувување и презентирање на националниот идентитет;
- Има позитивен став кон разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.);
- Ги почитува разликите меѓу културите, на кои гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување;
- Се залага за зачувување на културните и традиционалните богатства;
- Смета дека народните песни се важен дел од културата на народите кои живеат во Република Северна Македонија;
- Ја почитува вредноста на културата на сите народи во Република Северна Македонија

| **Содржини,**<br>**Поими,**<br>**Број на часови** | **Примери на активности:** |
|---|---|
| **Содржина**: Класификација на народните песни.<br>**Поими**: фолклор, традиција, обред, обичај, обредни, необредни, содржина на народни песни.<br>**Број на часови**: 2 | - Вовед во класификацијата на народните песни низ разни примери, презентации и видео материјали .<br>- Запознавање со народните песни преку нивна класификација (според содржина, според намена, староградски народни песни).<br>- Дискусија за народните песни како дел од кулутрното наследство на народите и нивно меѓусебно почитување. Учениците даваат свои мислења за значењето на народните песни. |
| **Содржина:** Анализа на народни песни.<br>**Поими**: традиција, народни песни обредни, необредни, содржина на народни песни.<br>**Број на часови**:2 | - Анализа на народни песни спопред нивна класификација (според содржина, според намената и функцијата, старградски народни песни).<br>- Дискусија за значењето, вредноста и животната актуелност на народните песни. |
| **Содржина**: Изведба на хумористичната народна песна „Сторил ниет зајко“.<br>**Поими**: фолклор, називи на песни по содржина и намена и функција.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на хумористичната народна песна „Сторил ниет зајко“ според кагегориите на класификација (според содржина, според намена и функција, староградска) преку аудио презентација на песната.<br>https://www.youtube.com/watch?v=-2tR0iKUagU&ab_channel=KristijanBlazevski<br>- Работилница за совладување на песната „Сторил ниет зајко“.<br>- Изведба на песната „Сторил ниет зајко“, колективно и по желба индивидуално и групно.<br>- Дискусија за наученото |
| **Содржина**: Изведба на трудовата народна песна „Ај зајди, зајди јасно сонце“.<br>**Поими**: фолклор, називи на песни по содржина и намена и функција.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на трудовата народна песна „Ај зајди зајди јасно сонце“ според кагегориите на класификација (според содржина, според намена и функција, староградска) преку аудио презентација на песната.<br>https://www.youtube.com/watch?v=nsWKf-vp40M&ab_channel=VaskaIlieva-Topic<br>- Работилница за совладување на песната „Ај зајди, зајди јасно сонце“.<br>- Изведба на песната „Ај зајди, зајди јасно сонце“, колективно и по желба индивидуално и групно.<br>- Дискусија за наученото. |

| | |
|---|---|
| **Содржина**: Изведба на патриотската народна песна „Послушајте патриоти“<br>**Поими**: фолклор, називи на песни по содржина и намена и функција.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на патриотската народна песна „Послушајте патриоти“ според кагегориите на класификација (според содржина, според намена и функција, староградска) преку аудио презентација на песната.<br>https://www.youtube.com/watch?v=MOUMfs7U8-U<br>- Работилница за совладување на песната „Послушајте патриоти“.<br>- Изведба на песната „Послушајте патриоти“ , колективно и по желба индивидуално и групно.<br>- Дискусија за наученото. |
| **Содржина**: Изведба на староградската народна песна „Битола мој роден крај“.<br>**Поими**: фолклор, називи на песни по содржина и намена и функција.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на староградската народна песна „Битола мој роден крај“, според кагегориите на класификација (според содржина, според намена и функција, староградска) преку аудио презентација на песната.<br>https://www.youtube.com/watch?v=ci_oFkL-KhA&ab_channel=MK<br>- Работилница за совладување на песната „Битола мој роден крај“.<br>- Изведба на песната „Битола мој роден крај“, колективно и по желба, индивидуално и групно.<br>- Дискусија за наученото. |
| **Содржина**: Изведба на семејната народна песна „Кирјана вино продава“.<br>**Поими**: фолклор, називи на песни по содржина и намена и функција.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на семејната народна песна „Кирјана вино продава“ според кагегориите на класификација (според содржина, според намена и функција, староградска) преку аудио презентација на песната.<br>https://www.youtube.com/watch?v=ci_oFkL-KhA&ab_channel=MK<br>- Работилница за совладување на песната „Кирјана вино продава“<br>- Изведба на песната „Кирјана вино продава“, колективно и по желба, индивидуално и групно.<br>- Дискусија за наученото. |
| **Содржина**: Изведба на љубовната народна песна „Не се бели Маре мори“.<br>**Поими**: фолклор, називи на песни по содржина и намена и функција.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на љубовната народна песна „Не се бели Маре мори“. според кагегориите на класификација (според содржина, според намена и функција, староградска) преку аудио презентација на песната.<br>https://www.youtube.com/watch?v=oxP8GOn5wdc<br>- Работилница за совладување на песната „Не се бели Маре мори“.<br>- Изведба на песната „Не се бели Маре мори“. колективно и по желба, индивидуално и групно.<br>- Дискусија за наученото |

| | |
|---|---|
| **Содржина**: Изведба на две албански народни песни од пределот „Скопски дервен“<br>**Поими**: фолклор, називи на песни по содржина и намена и функција.<br>**Број на часови**: 2 | - Анализа на народните песни, според кагегориите на класификација. (според содржина, според намена и функција, старорградска) преку аудио презентација на песната.<br>https://www.youtube.com/watch?v=SeOh1gO1m_4&ab_channel=OliverAndreevski<br>- Работилница за совладување на песните.<br>- Изведба на песните, колективно и по желба, индивидуално и групно.<br>- Дискусија за наученото. |
| **Содржина**: Концерт на народни песни и ора.<br>**Поими**: фолклор, концерт на народни песни и ора.<br>**Број на часови**: 2 | - Изведба на изучените народни песни и ора.<br>- Дискусија, заклучок од предметот Народно музичко творештво |